**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

бр.30- 1710/1
08 април 2009 година

еден до друг
различни, а еднакви

**Македонија без дискриминација**
**www.equal.org.mk**

Почитувани,

Националниот совет за евроинтеграции, на седницата одржана на 19 ноември 2008 година, со консензус донесе Мислење за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година, при што Советот презеде обврска да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата, со цел давање можност за искажување на ставовите и мислењата на засегнатите субјекти.

Согласно донесеното Мислење, Националниот совет за евроинтеграции заеднички со сојузот „Македонија без дискриминација„ имаат чест да Ве поканат да учествувате на јавната расправа по предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација:

**"Европските политики за заштита од дискриминација во Република Македонија".**

Јавната расправа ќе се одржи на **14 април (вторник) 2009 година, со почеток во 11.00 часот, во Сала 2, во Собранието на Република Македонија**.

Јавната расправа ќе претставува можност да ги изнесете Вашите согледувања за состојбата во Република Македонија во областа на остварување на правото на заштита од дискриминација, како и можност за изнесување на предлози, сугестии и забелешки на одредбите на предлогот на работниот текст на законот за заштита од дискриминација.

Во прилог Ви се доставува работниот текст на законот за заштита од дискриминација подготвен од Министерството за труд и социјална политика.

Дополнителни информации во врска со областа на заштита од дискриминација може да обезбедите преку веб страните:

- "Коалиција Македонија без дискриминација" - www.equal.org.mk,
- Европската комисија - Политика на вработување, социјални прашања и подеднакви можности- http://ec.europa.eu/policies
- Европски парламент-Комисија за вработување и социјални прашања, http://www.europarl.europa.eu/activities/committees
- Министерство за труд и социјална политика http://www.mtsp.gov.mk

Ве молиме Вашето учество да го потврдите најдоцна до 10 април 2009 година на email: nsei@sobranie.mk, лице за контакт Славјанка Петровска и Даниела Велковска.

Со почит,

**Претседател на Националниот совет за евроинтеграции**

**Радмила Шекеринска**

**Секретаријат на Сојузот Македонија без дискриминација**

**Наташа Постоловска**